ЈКП "КОМУНАЛЕЦ"
Бр. о2-88оо/7
8.1о.1992 год.
Скопје

Врз основа на член 187[a] од Законот за претпријатија и член 23 од Статутот на ЈКП "Комуналец", Работничкиот совет на ЈКП "Комуналец" на својата седница одржана на ден 8.1о.1992 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

## За поделба на Претпријатието во повеќе посебни јавни претпријатија

### Член 1

Со оваа Одлука ЈКП "Комуналец" - Скопје се поделува на повеќе посебни јавни претпријатија за вршење на комунални дејности и тоа:

1. Јавно претпријатие "Водовод и канализација"
2. Јавно претпријатие "Комунална хигиена"
3. Јавно претпријатие "Одржување на улици и сообраќајници"
4. Јавно претпријатие "Одржување на Паркови и зеленило"
5. Општествено претпријатие "Флораком".

Поделбата на ЈКП "Комуналец" на посебни јавни претпријатија се врши по принципот на издвојување на сегашните делови на јавното претпријатие организирани во основни организации во посебни јавни претпријатија.

### Член 2

Превземање на средствата и правата на ЈКП "Комуналец" од страна на новите јавни претпријатија што се основаат со оваа Одлука ќе се изврши врз основа на договор што ќе се заклучи помеѓу јавните претпријатија.

### Член 3

Посебните јавни претпријатија што се основаат со статусните промени со оваа Одлука ќе превземат неограничена солидарна одговорност за обврските на ЈКП "Комуналец" кое престанува да постои по извршената поделба со делбениот биланс.

Делбениот биланс на ЈКП "Комуналец" на новоформираните јавни претпријатија ќе се изврши по критериуми што ќе бидат донесени од страна на посебна комисија составена со избор на членови од секое издвоено јавно претпријатие (по еден член) и Генералниот директор на ЈКП "Комуналец".

Член 4

Преземањето на работниците во ЈКП "Комуналец" од страна на новите јавни претпријатија ќе се изврши по критериуми на припадност на секој вработен од деловите на претпријатието што се издвојуваат во нови претпријатија.

Вработените во Работната заедница на ЈКП "Комуналец" ќе се преземаат по критериуми на нивна ангажираност на работа за посебните делови на претпријатието како и сегашното учество во финансирањето на Работната заедница од страна на постојните организации.

Со посебен договор што ќе биде заклучен помеѓи новоосно-ваните јавни претпријатија ќе се утврди бројот на вработените што се преземаат од секое ново основано јавно претпријатие.

Член 5

Со членот 5 се утврдува називот на фирмата и седиштето на новооснованите јавни претпријатија и тоа:

1. Јавно претпријатие "Водовод и канализација" со целосна одговорност.
   Скратено име на фирмата е: "Водовод и канализација".
   Седиштето на претпријатието "Водовод и канализација" е во Скопје, на ул. "Лазар Личеновски"бр. 27.
2. Јавно претпријатие "Комунална хигиена" со целосна одговорност.
   Скратено име на формата е: "Комунална хигиена"
   Седиштето на претпријатието "Комунална хигиена" е во Скопје на ул. "125" бр. 4о.
3. Јавно претпријатие "Одржување на улици и сообраќајници" со целосна одговорност.
   Скратено име на фирмата е "Одржување на улици и сообраќајници.
   Седиштето на претпријатието "Одржување на улици и сообраќајници" е во Скопје на ул. "Коле Неделковски" бр. 38.

4. Јавно претпријатие "Одржување на паркови и зеленило" со целосна одговорност.
   Скратено име на фирмата е: "Одржување на паркови и зеленило".
   Седиштето на претпријатието "Одржување на паркови и зеленило" е во Скопје на ул."Илинденска" ББ.
   на ул. "Илинденска" ББ.

5. Општествено претпријатие "Флораком".
   Седиштето на претпријатието "Флораком" е во Скопје.

Член 6

1. Јавното претпријатие "Водовод и канализација" ги врши следните дејности:

1оо31о - Производство и дистрибуција на вода (собирање, собирање, прочистување и дистрибуција на вода на домаќинствата, индустриски и други потрошувачи;

1оо32оо -Пречистување и одводнување на отпадните води (пречистување на отпадните води и канализационата мрежа со која се одведуваат отпадните води од домаќинствата, индустриските и други постројки и атмосферската вода.

- Надзор на квалитетот - дезинфекција на водоводната мрежа редовна бактериолошка и хемиска анализа на водата за пиење. вршење контрола на квалитетната вода;
- Одржување и експлоатација на моторни возила и градежни машини;
- одржување на објекти.

2. Јавното претпријатие "Комунална хигиена" ги врши следните дејности:

1оо351- Чистење на јавни површини во населба;
1оо351- Донесување, депонирање и преработка на отпадоци;
1оо3391- Оџачарски услуги;
- Одржување и експлоатација на моторни возила и градежни машини.

3. Јавното претпријатие "Одржување на улици и сообраќајници" ги врши следните дејности:

100102 - Уредување и одржување на улици и сообраќајници;
- Одржување и експлоатација на моторни возила и градежни машини;
- Изградба на сообраќајни објекти реконструкција и поправка на патишта, улици и плоштади;

050202 - Изградба на хидроградежни објекти.

4. Јавното претпријатие "Одржување на паркови и зеленило" ги врши следните дејности:

100103 - Уредување и одржување паркови и зеленило и рекреативни површини (уредување и одржување на јавна зелена површина парковски шуми, паркови, дрвореди, тревници, зеленило кон сообраќајниците, зелени површини на станбени заедници, површини за рекреација и фискултурни игралишта, излетишта, фискултурни терени и слично);
- Подигање зеленило и декорација;
- Одржување и експлоатација на моторни возила и градежни и други машини.

5. Општественото претпријатие "Флораком" ги врши следните дејности:

020100 - Земјоделие, производство на цвеќе и украсни билки;
070126 - Трговија на мало-керамика, стакло и порцелан;
070132 - Трговија на мало-друга трговија со мешовита стока;

Член 7

Јавното претпријатие "Водовод и канализација" се обврзува и во иднина од цената на 1 $m^3$ вода да издвојува средства во износ од 22% на Јавното претпријатие "Паркови и зеленило" заради одржување на јавното зеленило во Градот, се дотогаш додека Собранието на град Скопје не изнајде посоодветен начин на финансирање на таа дејност:

Член 8

Со уписот на новите јавни претпријатија во судскиот регистар престанува да постои ЈКП "Комуналец" и ќе се изврши негово бришење од судскиот регистар.

Член 9

Собирите на работните луѓе на новоснivaните јавни претпријатија со своја Одлука ќе назначат вршители на должноста Директор кои ќе ги превземат сите активности за регистрација на новооснованите јавни претпријатија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РАБОТНИЧКИ СОВЕТ,

Боревски Никола